A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 13.08.2019

Полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово на 13.08.2019 околу 1 часот и 45 минути, во тетовско Жеровјане ги лишиле од слобода 23-годишниот Х.Ј. и 29-годишниот Л.М. од Тетово. При ниven и преглед на возилото „Фолксфаген Пасат“ со тетовски регистарски таблици, во кое се наоѓале, а кое било паркирано во близина на бензинска пумпа, пронајден и одземен е кокаин. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосното расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.08.2019 околу 4 часот и 25 минути, во тетовско Боговиње запрено е патничко возило „БМВ“ со швајцарски регистарски ознаки, што го управувал 30-годишниот Е.Х, а во кое се наоѓал и 29-годишниот А.Ш, двајцата од гостиварското село Добридол. При преглед, извршен од полициските службеници на СВР Тетово, пронајден им е кокаин, поради што двајцата се лишени од слобода и задржани за расчистување и документирање на случајот, по што ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

Во текот на изминатиот ден (12.08.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 38 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 22 возачи од кои: двајца возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол и 20 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај се и 22 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се шест возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, тројца возачи поради неправилно престигнување, осум возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 21 возач поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се 110 мандатни платни налози. Изминатиот ден се случиле 12 сообраќајни незгоди во кои шест лица поминале со телесни повреди.

На 12.08.2019 во 18,00 часот било пријавено дека во Радовиш на раскрсницата од булеварот „Александар Македонски“ со улицата “Чеде Филиповски Даме“ патничко моторно возило “Лада“ со штипски регистарски ознаки, управувано од Н.Ј.(41) од Радовиш, излетало од коловозот и удрило во ѕид. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатначката Н.Ј.(38) од Радовиш, а со телесни повреди се здобиле возачот и уште еден сопатник-малолетник кои биле пренесени во Клиничкиот центар Штип за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Радовиш.

На 12.08.2019 во 11,20 часот во Полициската станица Центар М.А.(37) од Скопје пријавила дека на рлоштад Македонија додека возела велосипед била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

На 12.08.2019 во 15,00 часот во Полициската станица Центар М.Т.(25) од Скопје пријавила дека во Градскиот рарк била касната од куче скитник во пределот на десната надколеница.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против С.Д.(38) од Кичево, З.Р.(33) од село Жубрино,кичевско и Ф.В.(32) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба" на дрва. Во периодот од јули 2019 година до 05.08.2019 година на подрачје на Кичево пријавените извршиле бесправна сеча на 77 м3 дабови дрва, со што се стекнале со противправна имотна корист од 539.000 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(33) од село Лабуништа,струшко поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 29.11.2018 година во 21,45 часот на локалниот пат село Лабуништа – Струга, од полициски службеници, при преглед на патничко моторно возило, управувано од пријавениот биле пронајдена и одземена марихуана.

На 12.08.2019 во 23,45 часот во Полициската станица Дебар било пријавено дека во Општата болница во Дебар бил донесен Е.М. од Р.Албанија, со повреди во пределот на левата рака и лицето. Е.М. бил донесен од С.Х. и Е.Ш. и двајцата од Р.Албанија со патничко моторно возило ,,Опел фронтера'' со албански национални ознаки. На 13.08.2019 околу 00,40 часот во Полициската станица Дебар дошол С.Х. и изјавил дека во несреќен случај на територијата на Р.Албанија Е.М. се здобил со повреди од ловечко оружје во сопственост на И.Д. од Р.Албанија. Поради потреба од укажување на лекарска помош тие преку граничниот премин Ѕепиште - Требиште околу 23,20 часот ја преминале државната граница и дошле во Дебар. За случајот е известен јавен обвинител и се работи на расчистување на случајот.

На 13.08.2019 во 01,45 часот во Полициската станица Кисела Вода И.Ѓ.(29) од Скопје пријавил дека на улицата "Христо Татарчев" бил физички нападнат од Т.М. и Н.М. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.08.2019 во 19,40 часот во Полициското одделение Сарај Г.Ј.(23) од с. Семениште-скопско пријавил дека во с. Семениште во близина на угостителски објект бил физички нападнат од М.А. (56) од истото село. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од ЗППЈРМ.

На 12.08.2019 во 18,00 часот во СВР Скопје Љ.Р.(42) од Скопје пријавил дека на бул. "Видое Смилевски Бато" бил физички нападнат од М.М.. и И.М.,

кои му одзеле и предмети. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.08.2019 во 10,00 часот во СВР Скопје А.П.(56) од с.Трубарево-скопско пријавил дека на 11.08.2019 година околу 19,00 часот во с.Идризово едно лице со употреба на физичка сила му одзело пари. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.08.2019 во СВР Скопје В.С.(21) од с.Арачиново-скопско пријавил дека истиот ден околу 21,30 часот во двор од залутан проектил од огнено оружје му била нанесена телесна повреда на З.С.(47). Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 12.08.2019 во Полициската станица Бит Пазар И.А.(58) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот син Р.А.(27), кој и претходно неколку пати се оддалечувал и бил враќан, а има и здравствени проблеми. Се превземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 11.08.2019 година во 14,00 часот во СВР Охрид било пријавено дека над с.Велмеј, општина Дебарца настанал шумски пожар, кој бил ставен под контрола од противпожарната единица.

На 13.08.2019 година во 05,25 часот во СВР Скопје А.Д.(41) пријавил дека на улицата "Архиепископ Доситеј"на паркинг простор непознат сторител извршил тешка кражба  од патничко моторно возило "Голф" и ги одзел пневматиците. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.08.2019 во 18,20 часот во Полициската станица Валандово во одделот на крим техника настанал пожар, при што е нанесена материјална штета. Нема повредени лица. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Струмица, Јавен обвинител и ДЗС, а материјалната штета дополнително ќе бидат утврдена.

На 12.08.2019 во Полициско одделение Ново Село В.П (60) од село Ново Село пријавил дека на ул. „Маршал Тито" во селото бил каснат од куче

скитник во пределот на левата потколеница.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)